# Кон „Историите“ на Корнелиј Такит

[Кон ‘Историите’ на Корнелиј Такит“ in Такит, Истории, превод од латински и поговор Љ. Басотова, Панили, Скопје, 2013]

> „Да не знаеш што се случило пред да се родиш, значи засекогаш да останеш дете. Каква смисла би имал животот на човека, ако сеќавањето на минатите нешта не го врзува за животите на неговите предци?’“*

1. Приказната за Корнелиј Такит ја започнуваме со Кикерон, кој никогаш не напишал историја во вистинска смисла на зборот – но затоа, пак, со истенчено чувство објаснувал како и зошто треба да се пишува историја. Историјата, вели Кикерон, треба да биде истовремено и полезна, и морално исправна: полезна, за да му укаже на државникот што се случувало со законите, надворешната политика и воените работи пред неговото време, а морално исправна за да посочи примери на однесување од минатото на Рим, па така да им помогне и на сегашните, и на идните предводници, за и тие да се однесуваат доблесно. Историјата не е само приказна за минатото; таа е нишка што ги поврзува минатото и сегашноста, која може да ја осветли и објасни сегашната состојба на општеството и да даде морални и практични упатства за тоа што треба да се прави и како да се дејствува. Историјата го бодрела римскиот граѓанин постојано да ги има на ум личните и граѓанските доблести на неговите предци, и да се поведува по нив – дома, но и на Форумот и на бојното поле.

Римјанинот имал личен, интимен однос кон минатото; неговиот појавен облик бил еден вид пропис за приватно и јавно однесување, познат под синтагмата *mores maiorum* – обичаи на предците. Сеќавањето и историските сознанија го образувале јадрото на моралното и политичкото образование во Рим. Римската преданост кон сопственото семејно и општествено минато извирало од секоја пора на римската литература и уметност, на архитектурата и урбанизмот, на политичките и правните институции, на религијата и легендите, на фестивалите и погребните церемонии. Римјаните биле народ што

---

* Cicero, *Orator* 120.

се гордее со својата традиција; она што започнало како прераскажување на племенските постигања околу огништето, низ текот на вековите се видоизменило во еден вид колективна мистика, материја трудољубиво обработувана од неброени поети, политичари и беседници. Римјаните гледале на минатото како начин да се оцени и потврди постојното величие: минатото морало да се зачува и запамети, за да ѝ се даде смисла на сегашноста.

Минатото – без оглед дали е вистинито, или во него се провира и по некоја измислена приказна – преживува на безброј начини. Колективното сеќавање на Рим во огромна мера е зачувано во историските списи на самите Римјани: Кикерон, Кајсар, Салустиј, Ливиј, Такит, Светониј, Амијан Маркелин, како и во т.н. *Historia Augusta*. Римски истории оставиле и хеленските автори што живееле за време на римската превласт во Средоземјето: Полибиј, Дионисиј од Халикарнас, Плутарх и Дион Касиј. Современиот историчар, особено историчарот што ги проучува собитијата во Новиот и Најновиот Век, бара сведоштва на очевидци во вид на архивски документи, сеќавања, дневници, писма, па дури и снимки и звучни записи. За историчарот што ја проучува Ренесансата, времето на Луј XIV или, пак, Граѓанската војна во САД, првостепени извори се приватните документи пишувани во тоа време или сосем малку подоцна; истиот тој историчар не би имал речиси никаква доверба во историографско дело напишано векови по настаните што ги опишува. Но, нештата во антиката се такви, што за римската историја речиси во целост зависиме од хеленските и римските автори што живееле многу подоцна од настаните што ги опишуваат, и од кои ги делат дури и векови. Со цел да научиме нешто за римското општество и за културата, но и за да исчепкаме неколку скудни податоци за приватниот живот во Рим, се служиме и со натписи, текстови на папирус, нумизматички материјал и археолошки наоди; но, и покрај сè, треба да се признае дека севкупната слика на нашите сознанија во огромна мера зависи од историските реконструкции на еден грст извонредни раскажувачи.

Токму затоа, и изучувањето на римската историја мора да почне од писателите што ни ги оставиле овие импресивни сведоштва. Еден од нив, ако не и највидниот меѓу нив, е Корнелиј Такит – историографот кој раскажува за императори, дворјани, провинциски управители и војсководци, пренесува дворски тајни и интриги, интимни разговори и скриени архивски документи. Корнелиј Такит е молчалив и скромен само во едно нешто – кога треба да напише неколку збора за сопствениот живот и кариерата.

Такит е човек кому не му го знаеме ниту личното име, ниту пак каде и кога е роден. Сепак, има начин да се врзат неколку податоци за него; молчаливоста на нашиот историограф ја надоместува

неговиот пријател Плиниј, кој пак имал сосема спротивни навики, и никогаш не се заморувал од зборување за себе и за своите пријатели. Зачуваните писма на Плиниј можат одлично да послужат за да го сместиме Такит во појасно општествено и литературно окружување; и повеќе од тоа, она што го знаеме за карактерот и животот на Плиниј, може да ни го осветли и Такит, не преку контраст, туку преку согледување на сличностите. Плиниј е вистински пример за култивиран римски сенатор од I и II век н.е. – човек морално претприемчив, но сепак весел и лекомислен, можеби и зашто му било дозволено да биде таков. Семејството на Плиниј, познато под презимето Кајкилиевци, од дамнешни времиња уживало особен углед во градот Комум во овострана Галија. Иако таткото на Плиниј не се истакнал со никакво постигање, семејството можело да си дозволи удобен живот благодарение на поранешните дела; всушност, вистински извор на угледот што го уживало семејството биле делата на неговиот вујко, Гај Плиниј Секунд, познат како Плиниј Постариот.

И приказната на Такит не треба да е многу различна. Пријателството меѓу семејствата на Такит и на Плиниј влечело корен уште од претходното колено, а веројатно било воспоставено или во некое од римските училишта, или пак надвор од Италија, во заедничка државна служба. Зачувани се записи за еден Корнелиј Такит, државен финансиски управител во Галија Белгика и Германија, кој другарувал со чичкото на Плиниј; нашиот историограф, роден околу 56 година н.е. некаде во јужна Галија, веројатно бил втор син на овој Корнелиј. Податоците за неговата кариера главно произлегуваат од животописот што го напишал за неговиот дедо Агрикола. Од нив дознаваме дека во раната младост, додека Империјата била опожарена од граѓанска војна, Такит се оддал на учење беседништво и станал трудољубив и упорен ученик на највидните беседници во тоа време. Во мигот кога цврсто зачекорил во јавниот живот, неговиот татко веќе не бил меѓу живите, но неговиот углед и општествената положба му овозможиле добар почеток на младиот Корнелиј. Јавноста за прв пат го забележала во судовите, а откако се оженил за ќерката на влијателниот галски сенатор и војсководец Јулиј Агрикола, се здобил и со врски во дворецот. Првата јавна служба ја извршувал во времето на императорот Веспазијан, а за време на Тит бил избран за квестор и влегол во Сенатот. Императорот Домитијан најпрвин го назначил Такит за претор, а потоа и за висок провинциски службеник. Не знаеме со што се занимавал Такит во времето на теророт на Домитијан, но знаеме дека во времето на Нерва станал и конзул – можеби предложен токму од Домитијан, пред да биде убиен.

Според сè, станувало збор за чудесно успешна кариера за еден романизиран Гал од витешкиот сталеж, кој скромно ги спомнува

претходните служби само за да го оправда своето знаење и увидот во империјалната политика. Дури и своето влегување во сенаторскиот сталеж го спомнува само зашто е релевантно за неговото историографско дело – или поточно, за да даде збор дека ќе биде искрен и чесен, иако ѝ должи голема благодарност на династијата; затоа и неговите зборови, дека петнаесет години од неговиот живот биле потрошени под теророт на Домитијан, ни стануваат уште почудни. Но, како и да е, Такит продолжил да напредува, и пред крајот на активната кариера бил назначен за проконзуларен управител на провинцијата Азија, можеби највисока служба за еден сенатор; годината на неговата смрт не се знае со сигурност, но како најверојатна се спомнува 117 н.е. За Такит е врзана уште една интересна приказна од антиката: според авторот на *Historia Augusta*, императорот Клавдиј Такит (275-6 н.е.) тврдел дека историографот му е директен предок, па заповедал во сите јавни библиотеки да се поставaт статуи на Корнелиј Такит и секоја година да се изработуваат по десет копии од неговото дело, кое во тоа време одвај и да се читало. Во секој случај, можеби токму нему треба да му заблагодариме за тоа што преживеал макар дел од делото на историографот.

2. Римјаните ценеле дека Такит е можеби најголемиот историограф што произлегол од нивниот свет. Неговите постигања биле признаени уште додека бил жив: колегата Плиниј му пишал на својот пријател од Сенатот дека „неговите истории ќе бидат бесмртни“. И навистина се такви, но малку недостасувало, за денес воопшто да ги нема. Такит бил мошне неомилен кај христијаните во доцната антика, и речиси непознат во Средниот век. Неговите „Анали“ и „Истории“, кои се вбројуваат во најголемите дела на римската книжевност, преживеале преку еден единствен средновековен ракопис; но, откако биле повторно откриени во Ренесансата, делата на Такит оставиле голем печат. Нивното влијание во европската традиција не се должи на возбудливото и живописно раскажување (каков што е, на пример, случајот со Ливиј), зашто вињетите во кои Такит го оплакува губењето на граѓанските слободи се, во основа, тажни и мачни за читање; сепак, во таквите приказни Такит успеал да сплоти и психолошки увид, и остра политичка анализа, и морално величие и книжевен гениј – нешта што ги зачудувале дури и најпросветлените читатели. Многумина биле импресионирани од моќта на неговата нарација; меѓу нив е и Томас Џеферсон, кој во една прилика ѝ пишал на внука си дека го смета Такит за прв писател на светот, без исклучок, зашто неговите дела се таков спој на историја и морал, каков што не може да се најде кај никој друг.

Како што гледаме, стилот и композицијата на Такит се нешта за кои постојано се искажувале пофалби; неговиот квалитет како историограф, пак, е нешто сосема друго. Трендот на изучување и истражување честопати се вртел против него, а неговите трудови многупати биле подложени на беспоштедна критика. Го нарекувале лажго, анти-христијанин, неморален човек, антисемит и непријател на монархијата; Наполеон во безброј прилики го напаѓал дека е обичен памфлетист и клеветник. Работите зеле толкав замав, што дури и денешните истражувачи се двоумат – дали Такит е мошне добар, или пак мошне лош историограф? Чудесно е до која мера одат пофалбите и, во исто време, колку лути и остри се нападите врз Такит. Неговите дела се напишани пред безмалку два милениуми, а малкумина дури и денес остануваат рамнодушни пред неговиот провокативен стил и вознемирувачката содржина на неговите книги. Во продолжение, ќе се обидеме да укажеме зошто работите стојат така.

По некое непишано правило, историјата во Рим ја пишувале сенатори за сенатори; оттаму произлегува и нејзината тесна нагласка врз политичките собития. И самите Римјани честопати го објаснувале ова за да го оправдаат навидум бавниот развој на нивната историографија. Салустиј вели дека Римјаните се премногу зафатени со вршење јавни должности, за да му се посветат на пишувањето; Кикерон, пак, укажува дека умните Римјани го трошат своето време на јавни говори и настапи во судовите – нешто со што не морале да се занимаваат ниту Херодот, ниту Тукидид. Дали овие тврдења се точни или погрешни, е предмет за некоја друга расправа; тука е доволно да се каже само тоа, дека јавниот живот има многу повеќе рамништа, одошто само судовите и јавните беседи. Значителен дел од големите хеленски историографи (Тукидид, Ксенофонт, Тимај, Полибиј) биле политички бегалци, а други (на пример, Херодот) го минале животот далеку од дома; би се рекло дека токму прогонството им овозможило слободно време за проучување и им внушило космополитски светоглед. Всушност, проблемот на римската историографија се крие во нешто сосема друго. Историографијата во Рим била нераскинлив дел од јавниот политички израз, и како таква, прилично здодевна за обичните читатели, кои претпочитале да се забавуваат читајќи за чудни обичаи и страшни знамења, а не за недоумиците и кавгите на политичката елита. Римските учители наоѓале етички поуки за своите ученици во поезијата, во животописите, или пак во збирките со анегдоти; од друга страна, историографите-сенатори не се грижеле дали читателската публика ги одобрува нивните теми, зашто нивната работа била продолжение на политичкиот живот, првично наменета за луѓе со политичка тежина.

Токму според препораките на Кикерон, освен што била политичка, римската историографија била и длабоко моралистичка, и во тоа римските историографи скршнале од патот на нивните хеленски претходници. Во други општества, за важни морални прашања расправале теолози, философи или теоретичари на општеството; во Рим, сето ова влегувало во доменот на историчарите. Преку медиумот на историографијата, Римјаните ги разгледувале моралните и политичките проблеми на нивното современие; Хелените ја користеле философијата, а Римјаните историографијата за да расправаат за одредени морални димензии на политичките прашања. Најсуштинските римски расправи за проблемот на слободата наспроти тиранијата, за коруптивниот ефект на личната или граѓанската моќ, за опаѓањето на општествените и политичките институции може да се прочитаат токму кај Салустиј, Ливиј, Такит и Амијан. На проблемот на опаѓањето на Рим му се пристапувало како на морален проблем, а историографските списи, на некој начин, ја претставувале совеста на римскиот народ.

3. Читателот веќе насетува дека е време да се даде еден поправичен суд за Такит; но, пред тоа треба одблизу да се согледаат уште неколку аспекти од времето и околностите во кои пишувал авторот. Современите концепти за научна работа и историско истражување денес се драматично сменети, најмногу поради академската револуција од XIX век, која го прогласи Херодот за татко не на историјата, туку на лагите. Следејќи го фонот што ни е зададен, и ние честопати ги потценуваме напорите на античките историографи да творат без библиотеки, без референтни дела, без апсолутно веродостојни извори, без востановени уреднички принципи, дури и без општо прифатени стандарди за процена на постарите материјали и документи. Да се биде историограф во тоа време бил тежок и осаменички потфат. Салустиј вели дека пишувањето историја влегува во редот на најтешките човечки задачи, зашто зборовите мора да бидат рамни на делата што ги опишуваат, а секоја критика ќе биде изложена на обвиненија за злонамерност; Ливиј и Такит, пак, се поплакуваат од тешкотиите при пишувањето, за кое Такит вели дека не носи никаква слава. Наместо да ги критикуваме античките историографи како што некој денешен физичар би ѝ се смеел на науката-поезија на Претсократовците, би било поумно да размислиме за мотивите што ги натерале луѓето да се нафатат на оваа макотрпна и неблагодарна работа.

Беседникот и сенатор Такит тврди дека се свртел кон историографијата како излез и бегство од страшните последни години на Домитијан. Како и Полибиј, и Такит верува дека историјата треба да ја пишуваат искусни политичари, зашто тие можат да ја оценат мотивацијата на главните ликови и да ги проценат документите со кои

располагаат. Како и Тукидид, и Такит мисли дека историјата може да им биде полезна на идните генерации, зашто ги заплашува тираните со тоа што ги става пред судот на идните поколенија. Тој е длабоко убеден дека историјата има и комеморативна функција: доблеста треба да биде наградена, па макар и само со тоа што ќе биде вградена во колективното сеќавање на еден народ. Ова, според Такит, е должност на секој цивилизиран човек кон доблесните мажи и жени кои му претходеле.

Десетина години откако ги објавил неговите први, помали дела, Такит се оддал на пишување голема наративна историја за владетелите од династијата Флавиевци – Веспазијан, Тит и Домитијан. Тој бил висок државен службеник во времето на сите тројца, па всушност станувало збор за историја на неговото современие. „Историите“ – име дадено од некој подоцнежен уредник – го покривале времето од граѓанската војна во 69 н.е. до смртта на Домитијан во 96 н.е., а биле поделени на дванаесет книги. Од нив дошле до нас само четири, како и дел од петтата – приближно третина од целото дело, материјал што покрива само две од дваесет и осумте предвидени години. Такит ветил дека, ако поживее доволно, ќе се осврне и на владеењето на Нерва и Трајан, но тоа ветување никогаш не го исполнил.

Во пишувањето на „Историите“, Такит следел структура типична за римските аналисти. Раскажувањето почнува *in medias res* на 1 јануари 69 н.е., откако Галба веќе станал император наместо Нерон. Сложените и испреплетени случувања од 69 н.е. – наречена и „годината на четири императори“ – заземаат повеќе од три книги и претставуваат најдетален антички историографски приказ кој преживеал до нашето време. Првата книга од „Историите“ ги опфаќа настаните од јануари до март 69 н.е.: остарениот император Галба го посвојува Писон, но и двајцата набргу се убиени. Преторијанците во Рим го заменуваат Галба со Отон, преживеан дворјанин на Нерон. Во меѓувреме, германските легии го прогласуваат за император својот заповедник Вителиј. Во втората книга се опишани настаните од март до август 69 н.е.: на Истокот, војсководецот Веспасијан војува за да го задуши Јудајското востание. Легиите на Вителиј продираат во Италија, каде се судираат со војската на Отон. По поразот и смртта на Отон, Вителиј влегува во Рим. Источните легии го прогласуваат Веспасијан за император, а им се приклучуваат и Дунавските легии. Третата книга ги опфаќа настаните од септември до декември 69 н.е.: војската на Веспасијан навлегува во Италија; следат судири меѓу двете спротивставени страни, од северна Италија па сè до Рим, каде е опожарен Капитолиј. Книгата завршува со кукавичката смрт на Вителиј. Во четвртата книга се опишани настаните од првата половина на 70 н.е.: симпатизерите на Флавиевците ја држат власта во Рим, додека

Веспасијан и неговиот син Тит сè уште се во Јудаја. Кивилис крева бунт кај северногерманските племиња и бара помош од Галите. Најпосле, зачуваниот дел од петтата книга опфаќа неколку настани од 70 н.е.: книгата започнува со непријателски и мошне погрешен опис на Евреите, нивната историја и нивните обичаи, а раскажувањето запира непосредно пред поразот на бунтовникот Кивилис.

Темпото на првите книги од Историите е навистина впечатливо. Поради збиениот стил, приказната се развива и тече брзо, а драматичните вињети, карактерните цртички и литературните дигресии го оживуваат настапувањето на војските, кое инаку би било здодевно за читање. Граѓанската војна му дава на раскажувањето мачен и темен тон; само одвреме-навреме се случува приказната да допре и некоја светла точка, а настаните да бидат оживеани од некој херојски чин или неочекуван пример на доблест. Станува збор за вистинска јавна историја, со групни сцени на војски, разбојнички банди и видни луѓе од провинциите, на кои им се обраќаат заповедници, императори и бунтовнички водачи. Тајната историја, со сите свои сплетки и интриги, ќе дојде на ред подоцна, дури во „Аналите“.

Такит признава дека во војските на Флавиевците имало и такви луѓе, кои тргнале во граѓанска војна поведени од доблесни мотиви; па сепак, тој цени дека целата епизода е происход на неконтролирана жед за власт, а оттаму и најголемо зло што некогаш му се случило на римскиот народ. Несреќниот развој на настаните ја уништил војничката дисциплина и им дозволил на провинциите да се разбунтуваат, овозможил за власт да се надбиваат разни неранимајковци, и најпосле го предизвикал страшното, богохулно опожарување на храмот на Јупитер Капитолиски. Во „Историите“, Такит за прв пат покажува и впечатливо познавање на политичката теорија и политичката реалност. Сеедно дали преку епиграми, или во теоретски беседи, тој укажува дека добро ги познава тајните на власта – *arcana imperii*; според него, најголемата „тајна“ е фактот што ниту еден устав не може да обезбеди мирно примопредавање на власта, ако војската реши да постапи поинаку.

„Историите“ се ремек дело на зрел историограф. Иако при раскажувањето следи точно формализирана структура, во која наместа вметнува беседи и расправи, Такит во исто време успева да се наметне и со моќно раскажување, и со индивидуален стил. Но, придонесот на Такит е многу поголем од стилот и структурата на делото. Во „Историите“, Такит ги анализира политичките институции на римската држава и се обидува да ја претставува сопствената идеологија – или, поточно, сопствените размислувања – за империјалната власт. Ако за нешто треба да жалиме, тоа е секако нашата несреќна загуба на последните седум книги од делото. Во нив ќе го видевме приказот

на Такит на владеењето на Домитијан посведочено од прва рака – владеење кое наводно прераснало во терор, а сепак го вивнало нашиот историограф во високата политика.

4. За современиот историчар, најважен елемент во процесот на пишување историја е оригиналноста во истражувањето; целите и сфаќањата на Такит, пак, биле малку поинакви. Пред сè друго, тој сакал да го разбере минатото и целесообразно да ја пренесе смислата и суштината на минатите настани. Такит ја признавал моќта на Фортуна врз човечкиот живот, но верувал и дека настаните од минатото – ако се истражат и изложат доволно добро – можат да добијат облик на една разбирлива матрица на случувања, од која нешто ќе научат и историографот, и неговата читателска публика. Лесно е да го вброиме Такит во редот на античките историографи од чиј текст извира уметнички книжевен израз и интелектуална кохеренција; она што често се губи од вид, е дека треба да му се признае и сериозно истражување на податоците.

Ако историското истражување значи проверка и процена на изворите, тогаш нема никакво сомневање дека Такит истражувал макотрпно, сериозно и одговорно, иако низ неговото истенчено раскажување тоа не паѓа веднаш во очи. Такит ги имал пред себе и сосем очигледните, но и помалку извесните извори – при сè што, според него, за пишување на неодамнешна, речиси современа историја, најважно било личното истражување. Навистина, во општество со затворен карактер, каде одлуките најчесто биле носени скришум и зад затворени врати, понекогаш е мошне тешко да се најдат извори од прва рака. Во неговата потрага по првостепени сведоштва за најважните настани, Такит се советувал со Вергиниј Руф и Спурина, активни дејци во борбите од 69 н.е; го знаеме и тоа дека го распрашувал неговиот пријател Плиниј во врска со ерупцијата на Везув, која ги уништила Помпеја и Херкуланеј во 69 н.е., а која младиот Плиниј ја набљудувал од другата страна на Неаполскиот залив. Долгиот извештај на Плиниј е зачуван во едно негово писмо до Такит; за несреќа, верзијата на Такит се наоѓала во изгубените делови од неговите „Истории“, па не можеме да согледаме како го искористил и обработил првичното сведоштво.

Но, истражувањето на Такит не било ограничено само на прашување очевидци и преземање на нивните прикази и видувања на нештата. Има укажувања дека тој трудољубиво читал други истории, сеќавања, животописи, автобиографии, писма, беседи, па дури и збирки од последни мисли на славни луѓе – и, секако, Актите на Сенатот. Првите книги од неговите „Анали“ сведочат дека Такит се оддал на архивско истражување, што веројатно била интересна и важна новина во тогашната историографска практика. Иако нема никакви

експлицитни укажувања за тоа, јасно е дека приказот на владеењето на Тибериј и на Клавдиј се засновани врз широка палета првостепени и второстепени извори. Дел од овој материјал – на пример, сенатската одлука за судењето на Писон – бил врежан во бронза и поставен на јавни места; во други случаи, Такит морал да пребарува низ јавните и приватните архиви. Како и сега, и тогаш владетелите и видните членови на општеството сакале да си обезбедат углед и во иднината, главно преку пишување автобиографии и сеќавања; Такит бездруго ги имал прочитано автобиографиите на Август, Тибериј и Клавдиј, но по име ги спомнува само сеќавањата на војсководецот Корбулон и записите на Агрипина.

Кои и какви други извори користел Такит, не може да се каже. Како што стојат работите денес, современата историска наука навистина би претпочитала да биде определен и именуван секој искористен извор; Такит, пак, би рекол дека нашето барање е непотребно, заморно, па дури и здодевно. Историографот самостојно ги оценувал изворите и слободно го прередувал материјалот, без да го замара читателот со такви непотребни поединости. Впрочем, читателот во антиката барал во историскиот текст да има политичка проникливост, размисла и истенченост на стилот, а не бескрајна низа имиња со која писателот ќе му докаже дека навистина истражувал. Но, тоа што Такит не се впушта во долга расправа за изворите, не значи дека не ги собирал внимателно и не ги анализирал смислено. Напротив, тој го правел и едното, и другото, а притоа и не верувал во сѐ што читал: на пример, многу маки му задала брачната прослава на Месалина додека Клавдиј бил во Остија, во која упорно одбивал да поверува сѐ додека не продолжил со истражување, па потврдил дека таква работа навистина се случила.

Сепак, во мигот кога ќе излезе од кругот на политиката, Такит станува многу послабо известен и многу помалку критичен. Како и на сите Римјани, и нему му се случуваат превиди во географијата и во воената тактика, особено кога раскажува за случувањата на северната граница; всушност, неговиот приказ на случувањата на Север е толку збркан, што Момзен со право го нарекол „најслаб војник од сите историчари“. За човек што бил управител на провинцијата Азија, и неговите знаења за Хебреите и Христијаните се несфатливо матни. Такит честопати ги меша едните со другите и им припишува особини што немаат никаква врска со реалноста. Ваквата збунетост би можела да се разбере, на пример, во времето на Нерон, но не и во раниот II век н.е., кога многу високи државни службеници – меѓу кои и неговиот пријател Плиниј – веќе добро ги знаеле разликите меѓу нив; особено што и хебрејскиот историограф Јосиф Флавиј не само што тогаш живеел во Рим, туку бил и чест гостин во дворецот на Флавиевците.

Ова своевидно „слепило“ на Такит може да се оправда само со неговиот презир кон сите источни народи – Хелените, Хебреите, Египјаните, кои ги сметал недоволно вредни за степенот на интерес и истражување што го посветил на дворските интриги во главниот град на светот.

Најтешкото прашање во врска со творештвото на Такит е, веројатно, прашањето за неговата точност и веродостојност – или, зашто ниту еден историчар не може да биде апсолутно веродостоен и точен, за неговата желба за веродостојност. Во третиот век н.е., христијанскиот апологет Тертулијан го нарекол Такит „најречит од сите лажговци“; Такит неколкупати истакнува дека не е заведен од симпатии и наклоност кон императорите, па затоа може да пишува без да стравува дека ќе биде омилен меѓу ласкавците, а намразен од прогонуваните. Се разбира, наспроти овие убави ветувања, Такит имал мошне силни чувства, кои во неговите дела се изразени на таков начин, што веќе не може да стане збор за чиста непристрасност. Тој можеби избегнува јавни обвинувања и осуди, но затоа спомнува мисли и мотиви на места каде што ни случајно не би можел да ги докаже. Современата историска наука би ги изложила ваквите неосновани сомничења на столб на срамот – но, колку и да звучи чудно, дури и тие ја потврдуваат чесноста на Такит: пред да осомничи, тој не ни помислил да ги премолчи другите контроверзни податоци кои не му одат во прилог, кои всушност ги разобличуваат неговите тврдења и ја подриваат сликата што сакал да ја прикаже. Затоа би се рекло дека острастените мненија на Такит не се дотаму погубни за неговото раскажување, за да мораме целосно да го отфрлиме. И покрај сите овие нешта, тешко дека некој би го презел местото на Такит како веројатно најточен од сите римски историографи.

5. Такит бил политичар долго пред да стане историограф; кон историографијата го повела токму неговата политичка страст. Во текот на двата века што му претходеле, власта во Република се распаднала и била заменета со принкепсите/императори и нивните не секогаш верни дворјани. Едно столетие по битката кај Актиј, династијата на Октавијан завршила со катастрофа; лудоста на Нерон, проследена со низа несреќни околности, го забила последниот клин во ковчегот на првата императорска династија; сепак, нештата не се смениле многу, а некогаш моќните сенатори биле сведени на послушни управители или, во најлош случај, на дворски ласкавци и клеветници. Огорчен од состојбата на државата во првиот век на принкипатот, Такит со право бил наречен „најголем непријател на тираните“. Најпосле, тоа е и разбирливо: принкипатот како концепт на управување се родил со узурпација на власта. Еден човек ја зел власта, но тоа мо-

жел да го стори и друг; кој ќе владее со „светската држава“ не решавала доблеста, туку раѓањето, енергијата, среќата, дури и хороскопот. Но, што би направил Такит за да ги поправи нештата? Дали ги презирал само императорите-тирани, или пак принкипатот во целост, како систем на уредување?

Не постои лесен одговор на ова прашање. Низ текот на вековите Такит бил толкуван на најразлични начини. Некои го сметале за макијавелист кој ги учи тираните како да ја задржат власта, а дворјаните како да ласкаат; други, пак, ценеле дека е револуционер, кој поттикнува отпор кон владетелите. Такит им бил омилен и на италијанските благородници, и на француските и американските републиканци; со неговите реченици ја оправдувале апсолутната монархија, но и славеле убијци на кралеви. Како е можно текстот на Корнелиј Такит да биде подложен на толкаво разноличие од спротивставени толкувања?

Има повеќе причини за ова. Додека истражувал и ги составувал своите историографски дела, Такит го менувал и приспособувал и сопствениот став кон монархијата и тиранијата. Освен тоа, за да го скроти или прикрие своето непријателство кон императорите, историографот имал обичај да се служи со сурово реални и резигнирани афоризми, па неговите јадри реченици можат да се цитираат и користат вон контекст, за каква и да е причина. Ако внимателно се согледа целината, би се рекло дека Такит има срце на „сентиментален републиканец“, но неговиот разум се помирил со принкипатот како единствен начин да се задржи мирот и стабилноста на државата. Тој ги презирал императорите и снисходливите сенатори, а во исто време се гордеел со историската улога на римскиот Сенат и го лутеле идеите за демократија. Кај човек што пишува со таква страст треба да ѕирнеме и подлабоко од појавното – сè додека не допреме до чувството на вина, што веројатно го имал зашто ги преживеал прогоните на Домитијан. Токму такво, речиси експлицитно искажано чувство препознаваме во неговите острастени, но сепак двосмислени чувства кон оние што се исправиле против тиранијата. Во вињетата за Агрикола, историографот пишува: „...нашите сопствени раце го одведоа Хелвидиј во затвор; ние ги скаравме Маврикиј и Рустик; нас Сенекион нè покри со својата невина крв.“ Можеби токму тој срам и тоа чувство на вина го повело кон историографијата и ја инспирирало неговата историографска имагинација.

Кај Такит не може да се бара некаква кохерентна теорија за идеална држава. Тој не бил теоретичар, туку поскоро проникнлив критичар на реалниот политички живот. На пример, Такит сфатил дека моќта во римската држава почива врз тајноста и заблудувањето; денес во тоа не гледаме ништо чудно, но во тоа време, станувало збор за

значителна разлика од времето на Републиката, кога сите државни работи имале јавен карактер. Императорите и нивните дворјани тргувале со тајни, а Такит ја осознал неизговорената „тајна“ врз која бил изграден целиот империјален систем: по граѓанската војна од 69 н.е., станало јасно дека императорите ја црпат моќта не од законите или од традициите, не од гласовите во Сенатот или во народното Собрание, туку исклучиво од чистата воена сила. Некои императори се гордееле со ова, а други го прикривале – како од народот, така и од самите војски и амбициозните војсководци. Сепак, дури и за време на владеењето на Август војската тивко стоела зад престолот. Подоцна веќе сите можеле да видат дека војската не само што ги заштитувала императорите, туку во еднаква мера и ги создавала, и ги уништувала. Освен презирот кон империјалната власт, во која ослободените робови имале поголема моќ од сенаторите, Такит чувствувал и огорченост поради искривениот и лажен јазик на официјалните акти: тој дури уживал да ги изложува на виделина официјалните лаги и (зло)употребата на јазикот, на пример, кога Август ги задржал републиканските титули за неговите државни службеници, иако немале ни приближно исти овластувања како пред неговото време.

Противотров за една ваква култура на официјална таинственост и лажлив јазик е токму слободата на говорот. За жал, Такит не бил никаков револуционер; напротив, тој ги фали доблестите на политичката умереност и се восхитува на тивката покорност на неговиот дедо Агрикола. Од неговите позитивни алузии за императорот Трајан, јасно е дека бил подготвен да ја прифати власта на беневолентен император како најдобар можен облик на власт. Такит останал империјалист, и верувал дека надворешните војни и освојувања му служеле на моралното предимство на римскиот народ. Почитувал отпор, наспроти послушност и предавање – оттаму произлегуваат неговите симпатии за Британците и Германите, и презирот кон Хелените – но немал никакви илузии во врска со „ползата“ од римското владеење. Кај него може да се најдат и повици на борба за слобода, навидум сушта спротивност на спомнатите пофалби за умереноста – но, тука не треба да се чита повеќе од она што е напишано. Такит е контрадикторен, зашто е фаталист и не верува во можноста за промена; тој би сакал да е поинаку, и понекогаш тоа јасно го пишува, но е свесен дека нештата или ќе останат исти, или ќе се влошат. На пример, Римјаните биле среќни што нивен владетел бил Трајан – но, што би можело да им гарантира дека набргу нема да се појави нов Нерон? И покрај истенченото чувство за политика, Такит не можел, ниту пак мислел дека воопшто е можно да се најде остварлива алтернатива на политичкиот систем во негово време.

Како што гледаме, гледиштата на Такит се еднакво тешки и сложени, колку и неговиот раскажувачки стил. Неговата огорчена, иронична оцена за политичката и моралната судбина на човекот во најсветлото време на Империјата го одбележува Такит како историограф на темната страна на човечката природа. Тој ја разбирал неизбежноста на човечкото страдање и сфатил дека не е многу веројатно дека доблеста ќе надвладее. Но, во крајна линија, за Такит победата не е единствен можен исход во битката; дури и поразениот може да ја зачува својата чест и да постигне вечна слава. На тој начин, Такит го воскренал обичниот песимизам до интелектуално величие, што го навело Гибон да го нарече „најголем филозоф меѓу историографите".

6. Наспроти сите недоречености во методот, раскажувањето, па дури и во политичките определби на Такит, европските и американските мислители од Ренесансата, па сè до Американската и Француската револуција му придавале централно место во образувањето на западната интелектуална традиција. Ова не треба да нè изненади, зашто делата на Такит се проучуваат, практично, уште од времето кога биле напишани. Како што видовме погоре, негов најголем почитател е современикот Плиниј Помладиот, а на него се угледа и Амијан Маркелин, последниот голем римски историограф. Во средновековието, Такит бил читан за време на Каролиншката ренесанса и во школата во Монте Касино. Во Ренесансата, се вратил во јавноста на голема врата благодарение на Џовани Бокачо, а неговите политички мисли се изучувале во контекст на непријателството на Фиренца со миланскиот војвода Галеацо Висконти. Од него бил инспиран не само Макијавели, туку и француските трагедиографи како Корнеј и Расин. Им се допаѓал на Монтењ, Милтон, Џон Адамс и Џеферсон, во иста мера колку што ги лутел Џејмс I, Филип II од Шпанија и Наполеон. Шатобријан го искористил за остра критика на Наполеон, велејќи дека „некој иден Такит ќе му го стори на Наполеон токму она што античкиот Такит му го сторил на Нерон". Во најново време, Такит го обработуваат Роберт Грејвс и Ентони Вудман, а извадоци од неговите дела биле користени како опомена дури и при започнувањето на војните во Ирак и Авганистан.

По сè што беше кажано досега, цениме дека веќе нема дилеми зошто Такит е важен не само за историографијата, туку и за политичката и културната мисла во една држава – и, оттука, зошто неговиот опус треба задолжително да биде преведен на македонски јазик. А како што читањето на Такит им е препуштено на литературните сладокусци, на луѓето што се интересираат не само за историјата, туку и за политиката, за етиката и за филозофијата на владеењето – така и преведувањето на Такит мора да им се препушти на вистинските мајстори на преведувањето, на врвните латинисти и класични филолози.

Д-р Љубинка Басотова се вбројува токму во таа, малубројна група одбрани латинисти, кои до срж го познаваат и чувствуваат латинскиот јазик во сите негови периоди и појавни облици; мајстор на преводот, препевот и пишаниот збор, која зад себе го има не само преводот на „Аналите“ на Такит, туку и на „Ајнеидата“ на Вергилиј, „Белешките за Галските војни“ на Кајсар, и уште многу други капитални остварувања, кои ќе ги изоставиме во интерес на просторот.

Преводот на „Историите“ на Такит значи заокружување на опусот на еден од најголемите римски историографи, преточен на македонски јазик онака како што треба и заслужува – со кристално јасна реченица и мисла, совршено сродна и блиска со латинскиот оригинал.